Бр./Nr 12-210
18-08-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-вата седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-999/1 од 06.03.2024 година, оформен по доставена пријава против ///, во моментот на поднесувањето на пријавата – градоначалник на Општина ///, во која е изразено сомневање за незаконитости и прекршување на законски одредби во изборниот процес во 2024 година, кон кој се споени предметот број 12-1132/1 од 14.03.2024 година и предметот број 12-1918/1 од 08.07.2025 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.
ДКСК утврди дека наводите за прекршување на законски одредби во изборен процес во 2024 година не се потврдуваат.
Воедно, во однос на наводите за незаконско ангажирање на лица во Општина /// преку агенција за привремени вработувања, покрај лицата кои во Општината се редовно вработени на неопределено време, ДКСК утврди дека веќе постапил Државниот инспекторат за труд, по што бил оформен предмет и во Основното јавно обвинителство ///.
Во однос на наводите за незаконско ангажирање на лица во Општина /// врз основа на договор на дело, покрај лицата кои во Општината се редовно вработени на неопределено време, ДКСК за утврдената фактичка состојба ќе достави известување до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-999/1 од 06.03.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

# О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 06.03.2024 година, поднесена е пријава за службеното лице ///, во моментот на поднесувањето на пријавата – градоначалник на Општина ///, со сомневање за незаконитости и прекршување на законски одредби во изборниот процес во 2024 година, и оформен е предмет број 12-999/1 од 06.03.2024 година.
По констатација за постоење на исти предметни наводи, по Заклучок на колегиум на ДКСК одржан на 25.03.2024 година, со Службена белешка за спојување на предмети (бр.12-1132/2 од 25.03.2024 година), кон предметот број 12-999/1 од 06.03.2024 година споен е предметот со број 12-1132/1 од 14.03.2024 година, а по Заклучок на колегиум на ДКСК одржан на 22.07.2025 година, со Службена белешка за спојување на предмети (бр.12-1918/2 од 24.07.2025 година), споен е предметот со број 12-1918/1 од 08.07.2025 година.
Наводите се однесуваат на сомнежи за неправилности поврзани со работно ангажирање на лица за потребите на Општина /// - со договори на дело и преку агенција за привремени вработувања, покрај лицата кои во општината се редовно вработени на неопределено време.
Во пријавата подносителот укажува дека во моментот на нејзиното поднесување, покрај стотина редовно вработени лица на неопределено време во администрацијата на Општина ///, од страна на градоначалникот /// биле ангажирани 40 лица преку Агенцијата за привремени вработувања ///, како и 40 лица врз основа на договор на дело. Подносителот во пријавата истакнал дека праксата на ангажирање на поголем број на лица, покрај редовно вработените, траела повеќе години, дека била воспоставена со намера да се влијае на изборните процеси, и дека со истата не се почитуваат законските одредби од областа на работните односи и одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување на податоци и информации до Општина ///, до Државниот управен инспекторат, до Државниот инспекторат за труд, до Основното јавно обвинителство ///, до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и до Министерството за финансии.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на барањата на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

Претставка со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата врз чија основа е оформен предметот со број 12-999/1 од 06.03.2024 година била доставена и до Државниот инспекторат за труд. По извршен вонреден инспекциски надзор, од страна на Државниот инспекторат за труд во Записник /// од /// година било утврдено дека на правниот субјект Општина /// од страна на Агенцијата за привремени вработувања /// во 2024 година се отстапени вкупно 39 работници, по Договор за отстапување на работници на работодавач – корисник склучен на 29.12.2023 година врз основа на членот 26 од Законот за приватните агенции за вработување, чиј предмет е отстапување на работници за вршење на привремени работи на табеларно прикажани работни места, за периодот од 01.01.2024 година заклучно со 30.06.2024 година. При надзорот, работните места биле идентификувани во Систематизацијата на работните места во Општина /// бр./// од /// година.

Со оглед на тоа дека во конкретниот случај станува збор за отстапување на работници од приватна агенција за вработување, и тоа на определено време, државниот инспектор за труд ги потенцирал одредбите од позитивните законски норми кои се однесуваат на засновањето на работен однос за вработените во јавниот сектор и на специфичностите при засновање на работен однос на определено време, и тоа: членот 22 и членот 23 од Законот за работни односи; членот 5, членот 6, членот 21 и членот 22 од Законот за вработените во јавниот сектор.

При вонредниот инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд било утврдено дека работодавачот потребата од пополнување на систематизираните работни места не ја обезбедил преку огласување во јавен оглас како што е утврдено во членот 22 од Законот за работни односи и во членот 22 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, туку со ангажирање на работници преку агенција за привремени вработувања по основ на зголемен обем на работа на определено време и покрај утврдениот факт дека работодавачот наведените лица ги ангажирал во континуитет подолго време со што се потврдило дека не се работи за зголемен обем на работа и дека потребата има елементи на траен карактер поради што за пополнување на истите работодавачот бил должен да спроведе постапка по јавен оглас. Следствено, при надзорот било констатирано дека работодавачот постапил спротивно на членот 22 од Законот за приватните агенции за вработување и спротивно на членот 22 од Законот за вработените во јавниот сектор.

Дополнително, при надзорот било констатирано дека со оглед на тоа што некои од работните места биле непополнети, обемот на работа на истите не бил дефиниран со извршување на задачи од страна на веќе ангажирани извршители,

па оттаму, работодавачот не можел да ангажира лице од агенција за привремени вработувања повикувајќи се на зголемениот обем на работа како основ. Поради тоа, при надзорот било констатирано дека работодавачот постапил спротивно на членот 24 од Законот за приватните агенции за вработување.
Со оглед на тоа што при надзорот било утврдено дека работниците од избраниот примерок за целите на надзорот од страна на Агенцијата за привремени вработувања /// на Општина /// ѝ биле отстапени повеќе од една година, било констатирано дека истите биле ангажирани спротивно на член 22 став 1 алинеја 2 и став 8 и став 12 од Законот за вработените во јавниот сектор.

За неправилностите утврдени при инспекцискиот надзор при кој бил составен Записник бр./// од /// година, со Известување бр./// од /// година на Државниот инспекторат за труд било известено Основното јавно обвинителство ///, каде бил оформен предмет.
Во однос на наводите за незаконско ангажирање на лица врз основа на договор на дело, во Записникот /// од /// година на Државниот инспекторат за труд е содржана единствено констатација дека Општина /// има склучено договори на дело врз основа на член 619 од Законот за облигационите односи и член 14 од Законот за данок на личен доход, при што последниот договор бил склучен на 13.02.2024 година.

Видно од податоците, информациите и документацијата доставени од страна на Општина /// на барање на ДКСК, во 2024 година во Општина ///, покрај редовно вработените лица, и покрај лицата ангажирани врз основа на Договор за отстапување на работници склучен со Агенцијата за привремени вработувања ///, врз основа на договор на дело биле ангажирани вкупно 44 лица. Речиси сите договори биле склучени во јануари и февруари, и најголем дел од нив се со период на важност од шест месеци. Предмет на овие договори е извршување на некоја од следните задачи: извршување на задачи во воспитно-образовни установи (воспитувач, наставник, готвач, асистент за образование, негувател); одржување на хигиената во основно училиште; обезбедување на простории на Младински ресурсен центар; гаснење на пожари и укажување помош при незгоди; задачи од надлежност на општинската администрација; превод; чувар на објектите и опремата на општината. Врз основа на договорите на дело, кон физичките лица со кои истите се склучени, во текот на 2024 година биле вршени исплати на месечно ниво.
Пред склучувањето на договорите на дело од страна на Општина /// не била побарана и добиена согласност за обезбедени финансиски средства од

Министерството за финансии, со образложение дека средствата се обезбедени со Одлука за извршување на буџетот на Општина ///, донесена од страна на Советот на Општината, и дека единиците на локалната самоуправа не бараат согласност од Министерството за финансии.
Врз основа на договор на дело во Општина /// во 2023 година биле ангажирани 72 лица, а во 2022 година – 39 лица.
Во врска со предметниот случај, а врз основа на добиена пријава со истоветни наводи, биле преземени дејствија и од Државниот управен инспекторат, каде било утврдено дека лицата кои во Општина /// биле ангажирани со договор преку Агенцијата за привремени вработувања /// немаат статус на административни службеници, по што било оценето дека Државниот управен инспекторат нема надлежност да врши инспекциски надзор, па постапката била запрена, а предметот бил препратен на понатамошно надлежно постапување до Државниот инспекторат за труд.

Врз основа на утврдената фактична состојба, ДКСК го констатираше следното:

Според членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и според членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: *„(1) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи*".

Решението за распишување на избори за пратеници на Република Северна Македонија, број 09-1169/1, заведено во Државната изборна комисија под број 10-435/1, како и Решението за распишување на избор за претседател на Република Северна Македонија, број 09-1168/1, заведено во Државната изборна комисија под број 9-434/1, од страна на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија се донесени на ден 14.02.2024 година.

Во однос на наводите од пријавата за незаконитости и прекршување на законски одредби во изборниот процес во 2024 година, фактичката состојба упатува на тоа дека ангажирањето на лица, покрај редовно вработените, преку агенција за привремени вработувања, било основано на Договор за отстапување на работници на работодавач – корисник, склучен помеѓу Општина /// и Агенцијата за привремени вработувања /// на 29.12.2023 година, пред започнувањето на изборниот процес. Воедно, утврдената фактичка состојба упатува на тоа дека последниот договор на дело бил склучен на 13.02.2024 година, пред започнувањето на изборниот процес.

Според членот 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и според членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: *„(1) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:*
*- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори“.*

Утврдената фактичка состојба упатува на тоа дека Општина /// во текот на времетраењето на изборниот процес во 2024 година нема вршено директни исплати кон лицата кои биле ангажирани во периодот од јануари до јуни врз основа на Договор за отстапување на работници склучен со Агенцијата за привремени вработувања ///. Имено, според договорот, Општина /// била должна средствата за плата и надоместоци на плата да ги исплати на Агенцијата, по достава на фактура.
Во текот на времетраењето на изборниот процес во 2024 година Општина /// има вршено директни исплати кон лицата кои биле ангажирани врз основа на договор на дело, на средства кои видно од одговорот на Општина /// биле обезбедени од буџетот на Општината, со Одлука за извршување на буџетот на Општина ///, донесена од страна на Советот на Општината.

Оттаму, ДКСК цени дека наводите од пријавата кои се однесуваат на незаконитости и прекршување на законски одредби во изборниот процес во 2024 година не се потврдуваат.

Во однос на наводите од пријавата за незаконско ангажирање на лица преку агенција за привремени вработувања, покрај лицата кои во Општина /// се редовно вработени на неопределено време, фактичката состојба упатува на тоа дека во однос на овие наводи постапил Државниот инспекторат за труд, каде биле утврдени неправилности, за што било известено Основното јавно обвинителство ///, каде бил оформен предмет.
Оттаму, ДКСК цени дека во однос на наводите од пријавата за незаконско ангажирање на лица во Општина /// преку агенција за привремени вработувања, покрај лицата кои во Општината се редовно вработени на неопределено време, веќе постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство ///.

Во однос на наводите од пријавата за незаконско ангажирање на лица во Општина /// врз основа на договор на дело, ДКСК има предвид дека при вонредниот инспекциски надзор во Општина /// на Државниот инспекторат за труд, извршен по пријава со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата доставена до ДКСК, при кој е составен Записник бр./// од /// година, не е утврдена фактичка состојба во однос на постапката за склучување на договорите на дело и во однос на усогласеноста на оваа постапка со законската регулатива.
Истовремено имајќи предвид дека фактичката состојба утврдена во рамки на постапувањето по предметот врз основа на останатата прибавена документација упатува на неправилности во постапката за склучување на договорите на дело во смисла на одредбите од Законот за работни односи и одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, а со оглед на тоа што работното ангажирање на лица во Општина /// веќе е предмет на постапување на Основното јавно обвинителство /// кое има оформено предмет за неправилностите утврдени од страна на Државниот инспекторат за труд во Записник бр./// од /// година кои се однесуваат на ангажирањето на лица преку агенција за привремени вработувања, ДКСК за утврдената фактичка состојба во однос на ангажирањето на лица во Општина /// врз основа на договор на дело ќе го извести Јавното обвинителство на Република

Северна Македонија, до кое ќе достави и копија од документацијата прибавена во текот на постапувањето по предметот.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ., член на ДКСК